РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Бр. УП-1-10-24
21. 12. 20 23 год.
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Организација за домување и станари, Франклин Рузвелт бр.51,стан 4, Скопје со број УП-1-10-24 од 18.12.2023 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 21.12.2023 го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Организација за домување и станари, заверено под број УП-1-10-24 од 18.12.2023 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Организација за домување и станари, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 18.12.2023 година заверено под број УП-1-10-24 со кое побара преку е-маил да му биде доставено електронски запис од следната информација: колку од закуподавачите на станови ја исполниле својата должност предвидена од Законот за домување.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен го информира дека, ниту еден закуподавач на станови не ја исполнува својата должност предвидена во Законот за домување член 70 став 1, освен АД ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ и тоа исклучиво само на **НАШЕ** барање.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
РЕСЕН

Изработил: Аријан Лумани

Контролирал: Зухра Алиовска

Одобрил: Дијана Кремшовска